Овој род се иселени во Скопје и Тетово. Од овој род јас ги знам браќата Богдан и Трпе, кои се синови на Алексо. Алексо имал четири синови: Богдан, Трпе, Тоде и Петре и ќерката Слобода.
Богдан Пипарка, имаше два сина Душан и Цветан и две ќерки: Горица и Борика. Душан има син Љупчо и ќерка Тања, а Цветан има три сина: Бошко, Зоран и Мирко, кои се презиваат Инчевски. Трпе, братот на Богдан ги има децата: Ратко, Трипун и Ружа.
Ратко од Трпета Пиперка има два сина Петко и Митре, Трипун има син Јовица и ќерка Светлана и Ружа има два сина Зоран и Димче Грковски.
Јас многу добро се сеќавам и никогаш нема да го заборавам ликот со мустаќи (**мустаќе**) на Богдан Пиперка, кој во 50-те години, во времето на Лазар Колишевски, кога донеле Закон за козите, дојде во нашиот двор во Лешок со неколку луѓе и ни ја заклаа козата на моите родители. Повеќе за овој род, Види, ( Р. бр. 7, стр. 91-92 и Р. бр. 8, стр. 69 – 70 и 289 ).
Од родот Пиперкооj последниве години се појавија двајца браќа: Зоран Грковски свири на кларинет и саксофон и Игор Грковски свири на армоника. Зоран има и издадено ЦД Диск, со музика, во кое има и своја авторска музика. Имено, Зоран е син на Александар, музичар од Рудник, Велес и на Ружица Инчевска, ќерка на Трпе од родот Пиперкооj од Лешок.
Зоран Грковски е прво лице со потекло од Лешок, кое издаде ЦД со македонски ора и прв кој почна да компонира современи ора и песни со македонски етно мотиви. За Зоран Грковски, напишав кратка биографија во книгата Лица од Лешок. Види, ( Р. бр. 25, стр. 110). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 23, 89, 92, 113, 173, 185, 189, 190, 193, 234, 237, 239, )**, банде, Инчееј, Јанкооj, козе, оро**, **пинџур, Пиперкооj, пое, поем, Попарооj, Станкооj, сфирче, танец,**

|  |  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ружа + | Бошко | Зоран | Игор | Зоран | |

## 39. Попарооj

**Попарооj** е **нов** род од Лешок, Домашна слава е **Петковден**. Куќите им се во Тенеќе маало, под Тумба. За родот Попарооj некаде е запишано дека има заедничко потекло со родот Станкооj, Попооj (Љешкооj), Станчееј, Пиперкооj, но, тоа не е точно утврдено, бидејќи на родот Лешкооj односно Попооj домашна слава им е Св. Никола.
Од родот Попарооj е Трпко, кој со жената Ротка од Теарце имаат три деца Живко, Добринка и Иванка. Живко е отселен во Скопје и има син Мите, кој е починат и има еден син. Добринка е мажена во Пула, Хрватска и има ќерка Даниела, а за Иванка немам податоци.
Повеќето од Попарооj се иселени на повеќе места и слабо комуницираат со лица од Лешок.
Од родот Попарооj во Лешок јас го знам Петре Попара, на кого татко му бил Саве, а дедо Насто.
Петре- Попара ги имаше синовите, Душко, Анѓелко и Драгољуб. Душко е отселен во Германија и има син Доминик, Анѓелко отиде за домазет во Доброште и има два сина Александар, кој има ќерка и Боби, кој е женет и сеуште нема деца. Во Лешок остана само Драгољуб, кој се ожени со жена албанка и немаше деца. Сите тројца браќа се починати.
Перо Максимовски - Серсен со жена му Горица имаат две родени деца Дарко и ќерка Кате, а жена му Горица донесе едно дете со себе, Васил. Кате се омажи и замина во Германија.

Од Попарооj беше Петре (Перо) Груевски - Серсен, коj бил голман во Фудбалскиот клуб ЛЕШОК, 1949 год. ). Види, ( Р. бр. 3, стр. 76 -77, Р. бр. 12, стр. 67 и 287, Р. бр. 3 и 23, стр. 75-76 и 114-128 и Р. бр. 5 и 15, стр. 64). http://spiroski.com.mk/
Од овоj род е Стоjан Дамjан Настовски, коj загинал во Балканските воjни во 1913 год. ( Р. бр. 17, стр. 21 - 24 и 47 - 49 и Р. бр. 18, стр. 193 и 231 ). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр, 185,187,193,211,231,234,260-261,), **Пиперкооj, Плоча, Попарооj, род, слава, Споменик, Станкооj, Станчееj, фудбал,**

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  | |
| Перо + | Драгољуб + | Анѓеле + | |

# 40. Праникооj

**Праникооj** е стар род во Лешок. Домашна слава им е **Митровден**. Живеат во куќа под Бучеjца во Бакар маало.
Jас добро ги знам и убаво се сеќавам на дедо Тоде (18), коj живеше 100 години, татко на баба Микаjлица, дедо Симче и баба Симчеjца и нивните деца: аџо Сандро, Борис и аџо Томе и нина Сандроjца, Боризица, Николица и нина Томеjца и нивни деца ( Никола, Велика, Душан и Гордана ).
Наjпрво ќе го споменам дедо Тоде Дамjановски (18), коj живееше околу 100 години, кого го зема ќерката Миљана од Праникооj, коj беше од родот Лалошооj односно од фамилиjата Дамjанооj (Р.бр. 1 и 22, стр, 525-534 во ТОМ-1 и Табела бр. 1 и 2-Пирамида, стр.951-978- во ТОМ-2). Дедо Тоде го викавме со прекарот Тоде - Гуде. Ги познавав и се сеќавам на дедо Симче, баба Симчеjца и баба Микаjлица, жена на Микаељ, коj млад починал. Дедо Симче и дедо Микаељ имале две сестри Тофана и Наца. Тофана се мажела во Скопjе и има 4 деца (два сина и две ќерки) и Наца е мажена во Непроштено и има син и ќерка, коjа е мажена во Jелошник.
Дедо Симче имаше син Томе и ќерка Митра. Митра е мажена за Тодор од родот Аџиини од Бигор во Теарце и има четири деца: Цветан, Стоjче, Jованка и Здраве.
Аџо Томе има три деца: Никола, Велика и Душан.
Никола Божиновски со Траjанка од Кокооj имаат син Мирко и ќерка Ленче. Мирко има две ќерки-близначки, Моника и Михаела, а Ленче со Иле Траjковски од новодоселениот род Шомееj од Лешок има син Сашо и ќерка Деjана.
Велика со Крсто Петковски од Станчееj имаат два сина, Горан и Киро. Горан со Оливера имаат син Никола и ќерка Гордана. Никола со Мони имаат ќерка Мила. Гордана е мажена со Будимир од Тетово и имаат три ќерки: Мариjа, Емилиjа и Мони.
Кире со сопругата Лидиjа Петрушевска од Отушиште имаат син Стивен, коj не е оженет.
Душан со Стоjна од Jелошник има два сина Зоран и Александар. Зоран има син Филип и ќерка од вториот брак, а Александар има ќерка Алена.
Ќе jа споменам баба Миљана(35), жена на Микаељ, коj млад почина и беше удовица. Баба Миљана беше баба на Гордана, со коjа бевме Генерациjа. Баба Миљана и баба Цвета, двете, беа удовици. Миљана(35) имаше два сина Александар- Сандро(107) и Борис(108) и ќерка Бора(106).
Сандро(107) од првиот брак со Цвета од Jанчиште има ќерка Гордана(332) и син Бранко(333) од вториот брак. Гордана од првиот брак има ќерка Рената (813) и од вториот брак со Борис од с. Чекопек има два сина Новица и Небоjша. Рената има ќерка Ана(1436) и син Виктор, Новица Везјановски има син Филип и ќерка Олгица и Небоjша има син Огнен. Бранко не е женет.